ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

***РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТСКИ ФОРУМ***

**З А П И С Н И К**
**Од втора форумска сесија**
**25.10.2024, Општина Крива Паланка**
**почеток во 12:00 часот**

**Вовед:**
Буџетската форумска сесија која се одржа на **25.10.2024 г. во атриум салата на ООУ ,,Јоаким Крчовски,, во период од 12 до 15 часот часот:**
Форумската сесија всушност беше **Презентација на расходите по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2025 година** на која беа презентирани пет предлог програми и тоа: програма за изработка на урбанистички планови, програма за заштита на животна средина, програма за социјална, детска и здравствена заштита, програма за економски развој и предлог програма за млади.

На форумската сесија присуствуваа **56** граѓани на Општина Крива Паланка во следниот состав:

| ВКУПНО: | Жени: | Мажи: |
|---|---|---|
| 56 | 42 | 14 |

**Програма на сесијата**(точки, според дневниот ред на дадената сесија)**:**

**ДНЕВЕН РЕД**

| | **I дел** |
|---|---|
| 12:00-12:20 | Добредојде, дневниот ред и цели на втората форумската сесија<br>-Усвојување на дневниот ред<br>-Усвојување на записникот од првата форумска сесија |
| 12:20-12:45 | **Презентација на расходите по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2025 година :** |
| 12:20-12:45 | **1. Предлог програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2025г.**<br>-презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 12:45-13:10 | **2. Предлог програма за заштита на животна средина во Општина Крива Паланка за 2025.** |
| 13:10-13:30 | Пауза |
| 13:30-13:55 | **3. Предлог програма за социјалната, детска и здравствената заштита за 2025г.**<br>-презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 13:55-14:20 | **4. Предлог програмаза економски развој за 2025г.**<br>-презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 14:20-14:45 | **5. Предлог програма за млади**<br>-презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 14:45-15:00 | Утврдување на следни чекори, инструкции за работната група за расходите, информација за термин за 3 форумска сесија и оценка на форумската сесија |

**Тек и содржина на сесијата**

**Т.1. Добредојде на присутните и вовед во програмата**

На самиот почеток од буџетската форумска сесија во Општина Крива Паланка, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните граѓани и гости.

**Т.1.1 Утврдување на дневниот ред за работа**

Модерторот го презентираше дневниот ред и целите на втората форумска сесија, појаснувајќи дека на втората сесија ќе бидат претставени расходите за 2024 година и проектираните расходи за 2025 година, како и дел од буџетските програми што ќе бидат предмет на дискусија на форумската сесија.

Потоа дневниот ред за работа од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот.

**Т.1.2 Усвојување на записникот од прва форумска сесија**

Модераторот Митовска потсети на работата на првата форумска сесија за процесот на буџетирање и структурата на буџетот. Потоа ги повика присутните да го разгледаат записникот, кој беше поделен по работните маси од страна на членовите на ОГ и да дадат свои забелешки по истиот, доколку ги имаат.

Модераторот Митовска отвори расправа по записникот од првата форумска сесија, немаше пријавено никој за дискусија.

Потоа записникот од првата форумска сесија, од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот

**Т.2. Презентација на расходите по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2025 година :**

Презентациите на планирани расходи по буџетски програми ги презентираа Маја Костадиновска, Елена Христовска и Валентина Ангеловска.

На втората форумска сесија беа презентирани вкупно пет буџетски програми, во кои беше даден детален опис за сите ставки и подставки на програмите за 2025 година, како и проектираната вредност за секоја од нив.

Од страна на Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - **Маја Костадиновска** беа презентирани две програми: **Предлог програма за изработка на урбанистички планови** и **Предлог програма за заштита на животна средина** за 2025 на подрачјето на општина Крива Паланка. **Елена Христовска** ја презентираше **Предлог програмата за социјална, детска и здравствена заштита** за 2025 година во општина Крива Паланка.

Од страна на одделението за Локален економски развој, **Валентина Ангеловска** презентираше две програми: **Предлог програма за економски развој** за 2025 и **Предлог програма за млади** за 2025 год.

**Т.2. 1. Предлог програма за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2025г.**

Презентацијата на расходите по Програмата за изработка на урбанистички планови ја презентираше Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска.

По презентацијата на расходите по Програмата за изработка на урбанистички планови за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јави:

- Ангелина Ѓошевска - праша дали позади детската градинка покрај речното корито на Крива Река има некои измени, пренамена или нов ДУП?

По секое поставено прашање Раководителот на Сектор - Маја Костадиновска одговараше, одговори дека нема нова постапка за за урбанистички план, има мали измени може да се поднесе барање за одобрение за градба.

- Игор Ангеловски – праша дали има ДУП од Лилаков Мост до Нас. Домачки Дол – десен брег на Крива Река?

Маја одговори дека нема ДУП за десен брег – има проблем со пристапните патишта заради пругата. Со новиот ГУП може да се изработуваат дел од деталните урбанистички планови кои не се во опфат на железничката.

- Жаклина Цветковска – праша дали реновирањето и доградбата на градската црква е по урбанистички план?

Маја даде одговор дека црквата досега нема поднесено никакво барање до одделение за урбанизам.

- Ангелина Ѓошевска – праша дали има решение за постарите национализирани места од 60-70 години со постари индивидуални стамбени згради?

Маја одговори дека треба да се донесе нов ДУП.

- Јане Денковски – праша дали општината има ново решение за Калин Камен нов ГУП или ДУП ?

Маја даде одговор дека општината досега посвети многу внимание за уредување на Калин Камен :

- Нов водовод само за Калин Камен
- Нов план за изградба на викенд населба (50 објекти) – парцелите ќе одат на јавно наддавање
- Проект за изградба на адреналински парк
- Проект за изградба на хотел

**<u>Предлози по Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по програмата за изработка на урбанистички планови во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Да се изработи урбанистички план за изградба на велосипедска патека покрај кејот на Крива Река | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Мила Стојановска |
| 1. Село Градец<br>-Викенд населба, -Испосница, -Старо училиште | Комунални дејности – Жаклина Цветковска |
| 1. Затворен базен<br>2. Стационар за бездомни животни | Култура – Славка Величковска |
| 1. Соодветен пристап до мостот кој ги поврзува Бавчалак и зградите кај Единство<br>2. Пристап Бегови Бавчи кон Илинден | Јавни дејности – Зорица Ристовска |
| 1. Да се продолжи со асфалтирање на 5 км пат во с. Мождивњак кон Остречки крст<br>2. Дурачка река и Станци – патот да се рехабилитира | Економски развоји туризам- Јане Денковски |
| 1. Ги подржуваме предлог програмите на Општината, посебно програмата за уредување на простор за домување на семејства | Општинска администрација – Елена Христовска |

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**Т.2. 2. Предлог програма за заштита на животна средина во Општина Крива Паланка за 2025.**

Презентацијата на расходите по Програмата за заштита на животна средина ја презентираше Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска.
Сите прашања беа упатени до Раководителот Маја Костадиновска и таа даде соодветен содговор на сите поставени прашања.
По презентацијата на расходите по Програмата за заштита на животна средина за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јави:

-Жаклина Цветковска – праша: До каде е процесот за дислокација на градската депонија? “Со изградба на регионална депонија која е во надлежност на североисточен плански регион, постоечката депонија ќе се затвори како што е предвидено со проектот за регионална депонија.”

-Ангелина Ѓошевска – праша: Што е целта да се доделат по две канти за отпад на секое семејство?
Маја одговори дека целта е селекција на отпад (мешан отпад и биоразградлив отпад )

**Предлози по Програмата за заштита на животна средина во Општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси:**

| **Предлози по програмата за заштита на животна средина во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Место за одредување на органски отпад и преработка во хумус | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Мила Стојановска |
| 1. Да се тргнат контејнерите од пред музеј<br>2. Погон за рециклирање на отпад | Комунални дејности – Јорданчо Миневски |
| 1. Чистење на дивите депонии<br>2.Отстранување на хаварисани возила | Култура – Никола Митовски |
| 1.Дислоцирање или укопување на контејнерите особено во централното градско подрачје<br>2. Превземање соодветни мерки за кучиња скитници како и мачки | Јавни дејности – Зорица Ристовска |
| 1. Контрола и казни за несовесни граѓани при фрлање на отпад | Економски развоји туризам- Марица Николовска |
| 1. Кампања и едукација на граѓаните за селекција на отпад | Општинска администрација – Елена Христовска |

**Т.2. 3. Предлог програма за социјалната, детска и здравствената заштита за 2025г.**

Презентацијата на расходите по Програмата за социјалната, детската и здравствената заштита ја презентираше – Елена Христовска соработик за социјална, здравствена и детска заштита од одделение за јавни дејности.

По презентацијата на расходите по Програмата за социјалната, детската и здравствената заштита за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јави:

-Жаклина Цветковска – праша: Програмата- социјалниот план завршува 2024 год. Што понатака?

Елена даде одговор дека Поголем дел од социјалниот план е реализиран, а услугите кои не се реализирани ке бидат вметнати во новиот план за 2025 год.

-Ангелина Ѓошевска – праша: Каде може да се аплицира – поднесе барање за услугите од социјала кои ги доделува општината?

Елена одговори дека Секој граѓанин на општината кој ги исполнува условите може да поднесе барање во општината-архива.

**<u>Предлози по Програмата за социјалната, детската и здравствената заштита во Општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по програмата за социјалната, детската и здравствената заштита во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Воспоставување на регистар и програма за поддршка на осамените лица во руралните средини со акцент на ридско-планинските средини<br>2,Подршка на стари лица за ракување со средствата за комуникација со (смарт телефони и слични уреди) вклучување на НВО | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Мила Стојановска |
| 1. Обука за лична асистенција на лица со попреченост<br>2. Инфо точка за информирање | Комунални дејности – Жаклина Цветковска |
| 1. Зголемување на бројот на стипендии<br>2.Паричен надоместок и за 2ра. и 3та. година како што има 1ва. и 4та. | Култура – Никола Митовски |
| 1.Вклучување на образовни асистенти и во предучилишната установа | Јавни дејности – Зорица Ристовска |
| 1. Целосна ја поддржуваме програмата на Општината и се надеваме на реализација на истите | Економски развоји туризам- Марица Николовска |
| 1. Поддршка на програмата на Општината | Општинска администрација |

**Т.2. 4. Предлог програмаза економски развој за 2025г.**

Презентацијата на расходите по Програмата за економски развој ја презентираше – Валентина Ангеловска од одделение за јавни дејности.

По презентацијата на расходите по Програмата за економски разво 2025 година беше отворена дискусија за збор се јави:

- Марица Николовска – праша: Што со одржувањето на туристичките атракции ако на пример Станечки Водопади, Патеката по вада, кој е задолжен за понатамошно оддржување?

**Предлози по Програмата за економски развој во Општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси:**

| **Предлози по програмата за економски развој во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Формирање на туристичка организација на Општина Крива Паланка<br>2. Поставување одбележје на планинскиот врв Руен | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Мила Стојановска |
| 1. Туристичко субвенционирање- организација<br>2. Обуки за ,, Продажба од праг,, - за домашни производители на храна | Комунални дејности – Жаклина Цветковска |
| 1. Поставување на ПАКОМАК машина на повеќе мест<br>2. Програма за заштита на животна средина<br>3. Соодветни (места) пракси на учениците од средно образование | Култура – Никола Митовски |
| 1.Субвенционирање за отварање на погони за преработка на зеленчук и овошје или нивно пакување и замрзнување | Јавни дејности – Зорица Ристовска |
| 1. Служба за оддржување и контрола на постоечките туристички капацитети<br>2. Промовирање на економски и туристички капацитети за привлекување на инвеститори | Економски развоји туризам- Марица Николовска |
| 1. Поддршка на програмата на Општината | Општинска администрација |

**Т.2. 5. Предлог програма за млади за 2025.**

Презентацијата на расходите по Програмата за млади за 2025 год. ја презентираше – Валентина Ангеловска од одделение за јавни дејности.
По презентацијата на расходите по Програмата за млади 2025 година беше отворена дискусија.
Никој не се јави за збор.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**Предлози по Програмата за млади во Општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси:**

| **Предлози по програмата за млади во општина Крива Паланка за 2025 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Субвенционирање на правни субјекти при работно ангажирање на млади | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Мила Стојановска |
| 1. Младински центар | Комунални дејности – Жаклина Цветковска |
| 1.Повеќе филмски проекции во кино<br>2. Иницијатива за создавање на национален театар при НУЦК | Култура – Никола Митовски |
| 1.Изнаоѓање (обезбедување) средства за финансирање на волонтерските активности во кои би се вклучиле младите | Јавни дејности – Зорица Ристовска |
| 1. Да се отвори младински центар | Економски развоји туризам- Марица Николовска |
| 1. Поддршка на програмата на Општината | Општинска администрација |

**Т.3. Следни чекори (одредување на термин за следната сесија) и оценка на форумска сесија**

Модераторот Лидија Митовска им се заблагодари на присутните за бројното учество на втората форумска сесија и ги покани граѓаните да учествуваат и на третата форумска сесија, закажана за **29.10.2023 год.(вторник** ).

**Оперативна група:**

- **Гордана Ристовска – општински координатор на форумскиот процес**
  - **Анкица Јакимовска – член**
  - **Лилјана Стојановска - член**
  - **Виктор Петровски – член**
  - **Емил Додевски – член**
  - **Љупка Ангеловска-член**
  - **Викторија Тасковска-член**

**Завршен параграф:**

Втората форумска сесија заврши во 15:00 часот**.**

**Записникот го подготви:**
**Анкица Јаќимовска**

**Модератор на форумот**
**Лидија Митовска**